369 13

Нова Македонија, Скопје, 23.V.1989, 15203, 10

**ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ**

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗАГРЕПСКАТА ШКОЛА НА ЦРТАНИОТ ФИЛМ

Вечерва, во организација на Музејот на современата уметност од Скопје и Заводот за културно-просветен и наставен филм, во киносалата на Музејот ќе бидат организирани повеќе проекции на анимирани филмови, под заеднички наслов: Загрепската школа на цртаниот филм.

Љубителите на анимираниот филм, со почеток во 18 часот, ќе имаат ретка можност да ги проследат најдобрите остварувања на претставниците на оваа светски позната школа на цртаниот филм: Владимир Делач, Андрија Заниновиќ, Александар Маркс, Ватрослав Мимица и други.